Врз основа на Одлука за примање на донација од Youth Action Fund (Службен гласник на Град Скопје бр.10/2024), за проект: *“Youth Climate Action Found”*, Град Скопје објавува:

**Јавен повик**
**За распределба на средства на здруженија и фондации на Град Скопје за поддршка при имплементација на проектот/грант “Youth Climate Action Found”**

Град Скопје ги повикува здруженијата и фондациите кои работат на територија на град Скопје да учествуваат како поддршка на средните училишта во имплементирање на активностите на проектот „Фонд за климатска акција на млади“ добиен од страна на Град Скопје. Овој фонд нуди грант-финансирање за иновативни и одржливи климатски иницијативи.

Општата цел на овој проект е поттикнување и вклучување на младата популација за креирање на политики и соработка во решавање на климатски проблеми. Клучно е гласот на младите да биде на прво место во борбата против климатските промени, и следната генерација да има можност да ги оживее своите идеи за значајни климатски решенија.

Bloomberg Philantropies лансира Фонд за климатски акции на млади, кој обезбедува финансирање за поддршка на 100 градови ширум светот за вклучување на младите во дизајнирање, производство и управување со итни климатски решенија во нивните градови.

Како дел од оваа иницијатива, Град Скопје доби грант, со вкупен износ од 50.000,00 американски долари со можност преку распределба на локални микро-грантови и програмско администрирање да ги поттикне младите активно да се вклучат. Во рамки на проектните активности за ангажирање на здружение/фондација за поддршка на процесот за имплементација предвидени се средства во вкупен износ од 10.000,00 американски долари (чија вредност ќе се конвертира во денарска противвредност на денот на исплата).

Активностите поврзани со реализација на целта на проектите ќе се реализираат во Биотехнолошката лабораторија во: СУГС “Марија Кири – Склодовска” – Скопје.

Јавниот повик се објавува на официјалната веб страна на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

**Основни организациски критериуми**

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондации кои учествуваат на овој повик се:

- Да се регистрирани според Законот за здруженија и фондации со седиште во Скопје;

- Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности поврзани со имплеметација на проект "Youth Climate Action Found" од истата програма.

**Проценка на квалитет**

Проценката на квалитетот ќе се врши врз основа на следниве критериуми:

| **Критериуми** | **Максимум бодови** |
|---|---|
| 1.1 Стручност на лицата кои ќе учествуваат во спроведување на задачите | 25 |
| 1.2 Број и квалитет на стручните лица кои учествуваат во спроведување на проектот (квалификации, искуство во релевантни проекти и специјализации поврзани со темата на проектот) | 25 |
| 1.3 Годишниот буџет на здружението/фондацијата за последната календарска година да ја надминува висината на грантот, што укажува на финансиска стабилност и капацитет за управување со средствата | 15 |
| 1.4 Здружението/фондацијата да има искуство во спроведување проекти слични на предложениот (претходни успешни проекти, соработка со училишта, државни институции, или меѓународни организации) | 20 |
| 1.5 Буџетот да е реалистичен, транспарентен и соодветен за предложените активности | 15 |

Овие критериуми обезбедуваат сеопфатна проценка на организациите, со цел да се идентификуваат оние кои имаат капацитет и искуство за имплементација на микрокредитирање.

**Потребна документација која здружението/фондацијата треба да ги достави до Град Скопје**

Здружението или фондацијата задолжително треба да ги достави следниве прилози:

- Статут на здружението или фондацијата;
- Доказ за регистрирана дејност од надлежен регистар;
- Годишен извештај на здружението или фондацијата за 2023 година;
- Професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот.

**Активности за имплементација на процесот**

Здруженијата/фондациите кои ќе го координираат процесот за микрокредитирање во рамките на Фондот за климатска акција на млади треба да имплементираат задачи во делот на спроведување, управување и следење на процесот, со цел обезбедување на ефективно и навремено постигнување на поставените цели, и тоа:

- Техничка поддршка при спроведување на проектите, вклучувајќи совети за управување со ресурси, видливост на проектот, финансиски менаџмент и одржливост;
- Воспоставување на механизам за мониторинг за следење на напредокот на проектите кои се финансирани со микрокредитите;
- Редовно собирање извештаи од корисниците за нивните активности, постигнати резултати и начинот на користење на финансиските средства;
- Посети на терен за проверка на напредокот на проектите и консултација со корисниците за евентуални проблеми или предизвици;
- Следење на финансиското користење на микрокредитите од страна на корисниците, за да се осигура дека финансиските средства се користат на начин според договорените услови;
- Подготовка на финансиски извештаи за микрокредитите, како и редовно доставување извештаи до донаторите согласно Договорот за грант G-24-2140741;
- Промоција на резултатите од програмата за микрокредитирање кон пошироката јавност, партнери и донатори, преку објави на социјалните мрежи, извештаи и настани;
- Организирање на настан/и на кои ќе се претставаат успешни проекти финансирани преку микрокредитите, со цел промовирање на климатските акции и ангажманот на младите;
- Административна поддршка за целосно документирање на проектните активности и финансиските трошоци од корисниците и до донаторот;

Рокот за реализација на прифатените проекти и проектни активности е еден месец од денот на потпишување на договорот за примање на финансиските средства.

**Потребни информации за аплицирање:**

- **Пријава/апликација за интерес со назив, телефонски број и е-маил адреса на здружението или фондацијата**
- **Опис на предлог идеи на проекти** (вклучувајќи како ќе се спроведат проектите).
- **Кратка временска рамка на активностите на проектот** (вклучувајќи ги чекорите што ќе се преземат и клучните моменти за време на реализацијата).
- **Буџет за вашиот проект** опишувајќи колку финансирање ви е потребно и за што ќе се користат финансиските средства (најмногу до 10.000 американски долари)
- **Сите поддржувачки документи и информации** што сакате да ги споделите со нас (како што се фотографии, материјали и детали за слични проекти во кои сте биле вклучени и/или писмо за поддршка од организацијата со која работите).

**Рок и начин на доставување на пријавите**

Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку пошта, во затворен коверт на адреса: **Град Скопје,** Комисија за распределба на средства на здруженија и фондации од проектот Youth Climate Action Found, **бул. "Илинден" бр.82 , 1000 Скопје** или преку архивата на Град Скопје (со назнака - Пријава за јавен повик за распределба на средства на здуженија и фондации од проектот Youth Climate Action Found).

Рок за поднесување на пријавите е до 31.10.2024 година до 15 часот.

***Напомена: Пријавите со непотполна документација или по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат! Доставените прилози не се враќаат.***

**Начин на спроведување на јавниот повик**

За спроведување на јавниот повик Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за распределба на средства на здруженија и фондации од проектот Youth Climate Action Found (во понатамошниот текст: Комисија).

Комисијата е задолжена по истекот на рокот за поднесување на пријавите/апликациите, да изврши евалуација на пристигнатите пријави/апликации и да утврди дали истите ги исполнуваат условите пропишани со овој јавен повик во рок од 15 дена од завршување на рокот за аплицирање.

По извршената евалуација на пристигнатите пријави/апликации, Комисијата доставува предлог до Градоначалникот на Град Скопје за усвојување на пријавите од кандидатите кој ги исполнуваат критериумите пропишани со овој јавен повик.

Градоначалникот на Град Скопје на предлог на Комисијата ќе донесе решение за усвојување на пријави/апликации од кандидати кој ги исполнуваат критериумите пропишани со овој јавен повик во рок 15 дена од извршената евалуација на Комисијата.

Апликантите учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 10 дена од денот на одлучувањето.

Прашања за појаснување може да се поставуваат писмено или по електронски пат до Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации, Одделение за соработка и поддршка на здруженија и фондации.
Контакт: Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации, Одделение за соработка и поддршка на здруженија и фондации, тел: (02) 3297-291 е-маил адреса: antonio.karalanov@skopje.gov.mk, lazar.kuchera@skopje.gov.mk.

**ГРАД СКОПЈЕ**